Виолета АРНАУДОВА

# РЕФЛЕКСИЈА НА ТРАНЗИЦИЈАТА ВРЗ СИСТЕМОТ НА ВРЕДНОСТИ НА МЛАДИТЕ

Времето во кое живееме се карактеризира со интензивни општествени промени кои имаат исклучително влијание врз сите нас, а особено врз младите, во поглед на начинот на кој се перцепира, чувствува и вреднува сè она што се случува околу нас и со нас.Системот кон кој се движи Државата е сеуште недоволно обликуван па поради тоа иницира сериозни проблеми во врска со вредносните определувања на младите. Во овие услови на реорганизација на општествениот живот, однесувањето на младите и нивното справување со многуте предизвици, искушенија и неизвесности во голема мера е условено од она што тие го преферираат и кон чие остварување се стремат. Оттаму, запознавањето со нивните вредности, како и следењето на промените во структурата на нивните вредносни системи, станува неопходно не само за да може попрецизно да се објасни она што се случува со младите денес, туку и систематски да се дејствува во правец на создавање вредносни системи кои би биле основа за похуман, попродуктивен и посигурен живот.

Постојат многу показатели врз основа на кои може да се заклучи дека човештвото во целост, а секое општество и култура на свој специфичен начин, се наоѓаат во фаза на трансформација на вредностите и дека проблемите за избор на вредностите стануваат дури и поважни од технолошко-економскиот развој, бидејќи сé повеќе се увидува дека таквиот развој не може да биде цел сам по себе, дека мора да му служи на човекот и дека развојот сам по себе носи многу негативни последици за човековата егзистенција и за квалитетот на животот. Овие сознанија сè повеќе нé наведуваат на констатацијата дека вредностите се релативно стабилни диспозиции кои се менуваат во текот на целиот живот. Фактот дека тие постојано се развиваат, од раната младост до длабока старост, повеќе ја поддржува концепцијата на Ериксон за развојот на личноста низ етапи и сè повеќе отстапува од Фројдовата концепција за формирањето на сите поважни карактеристики на личноста во текот на првите години од животот (Fulgosi, A., 1990).

Иако малку се знае за периодот на формирањето на вредносите, историјата зборува дека некои нивни рудиментирани форми се сретнуваат дури и пред шестгодишна возраст. Исто така, релативно непозната е и почетната содржина и структура на вредностите, но може да се претпостави дека емоционалната компонента ѝ претходи на когнитивната, и дека структурата на вредностите кај децата е различна од структурата на вредностите кај возрасните.

Овој труд, всушност, претставува дел од една поголема крос-културна студија за вредностите, раководена од проф. Schwartz од Универзитетот во Ерусалим. Неговиот проект е заснован на теоријата за можна универзална структура на вредностите и на претпоставката дека вредностите од различни култури имаат културно специфични значења (Schwartz, H.S. & Bilsky, W., 1990). Основниот проблем на ова истражување е да се проучи вредносниот систем на младите во периодот на транзиција, вредносната хиерархија и разликите во рангирањето на вредностите кои се условени од половите разлики, местото на живеење на испитаниците во детството, религиозната припадност, како и степенот на религиозност. Согласно со фактот што системот на вредности се формира во долгиот процес на социјализација во кој значајна улога имаат семејството, училиштето, врсниците, општествените организации, средствата за масовна комуникација и други агенси, некои автори имаат потреба да нагласат дека поединецот се раѓа како биолошко битие кое постепено, по пат на социјално учење се формира во личност со карактеристики кои го чинат човечко суштество, припадник на одредена култура и специфична индивидуа (Rot, 1989).

Во литаратурата вредностите се наведуваат како поим сроден на поимот став, но, овој поим опфаќа поширок обем на социјално однесување така што одредена вредност во себе може да содржи повеќе социјални ставови. Вредностите се силно посакувани цели кон кои човекот конзистентно се стреми вложувајќи напор, енергија и време. Овие карактеристики се содржани и во дефиницијата на Џонс и Џерард (Rejk и Edkok, 1978, 16) во која вредностите се определени на следниот начин - „Секоја одделна состојба или објект кон кој личноста тежнее, кон кои се приближува или ги велича, доброволно ги користи или се изложува на трошок за да ги стекне - претставува позитивна вредност..."

Олпорт, пак, (Rejk и Edkok, 1978, 16) го дава следното значење - „Вредноста е верување во склад со кое човекот делува по пат на преференции", но, за подобро разбирање на ова значајна е оваа забелешка на истиот автор - „Личноста најдобро ја запознаваме кога знаеме как-

ва иднина создава, а создавањето на иднината примарно е засновано на нејзините лични вредности".

Една од најчесто наведуваните е дефиницијата на Рокич (Rejk и Edkok, 1978, 16) според која вредноста се сфаќа како „... трајно верување дека специфичен начин на однесување или егзистенција, општествено или лично е попожелен во однос на спротивниот или обратен начин на однесување или егзистенција".

Имајќи ги предвид наведените карактеристики за **вредностите**, во овој труд се прифаќа нивното значење на „релативно стабилни, општи и хиерарирски организирани карактеристики на поединецот (диспозиции) и групата (елементи на општествена свест) формирани со меѓусебно дејствување на историските, актуелно-социјалните и индивидуалните фактори, кои поради така припишаната пожелност, го насочуваат однесувањето на своите носители кон одредени цели" (Pantić, J. D., 172).

Поимот **вредносен систем**, пак, кој во повеќе истражувања се употребува со слично значење како и поимот вредност, во овој труд е употребен за да означи „збир на вредности, односно, интегрален облик кој вклучува разни вредности, но не е сводлив на нив"(Baycinska, K. K., 1994). Вредносниот систем структуиран од 58 вредности кои се вклучени во анкетниот лист применет за целите на ова истражување е претставен преку следниет десет мотивациски типови на вредности:

**Сигурност (SEC)** - потреба за сигурност, хармонија и стабилност на општеството, во односите со другите и во себе (социјален ред, семејна сигурност, национална сигурност, чувство на припаѓање, здравје).

**Конформизам (CON)** - воздржаност од акции, отстапувања и отсуство на импулси да се попречат другите и да се нарушат социјалните очекувања или норми (послушност, само-дисциплинираност, љубезност, почит кон родителите и повозрасните).

**Традиција (TRA)** - почит, обврска и прифаќање на обичаите и идеите што нечија култура или религија и ги наложува на индивидуата (респект кон традицијата, понизност, верност, скромност).

**Добронамерност (BEN)** - задржување и зацврстување на добронамерноста кон луѓето со кои една личност е во чест личен контакт (услужлив, лојален што може да прости, чесен, одговорен, вистинско пријателство, зрела љубов).

**Универзализам (UNI)** - разбирање, почит, толеранција и заштита на благосостојба на сите луѓе и природата (со широк дух, социјална правда, еднаквост, мир во светот, свет на убавина, единство со природата, мудрост, заштита на средината).

**Насоченост кон себе (SD)** - независност во мислењето и дејствувањето (креативност, слобода, избор на сопствени цели, љубопитност, независност).

**Стимулација (STI)** - потреба за разновидност и стимулација со цел да се одржи оптимално ниво на активност (разновиден живот, возбудлив живот, храброст).

**Хедонизам (HED)** - задоволство поврзано со задоволување на органските потреби (задоволство, уживање во животот).

**Постигнување (ACH)** - манифестирање личен успех преку демонстрирање на способност која е во согласност со општествените норми (амбициозност, успешност, способност, влијателност).

**Моќ (PO)** - статус во општеството и тенденција за престиж, контрола или доминација над луѓето и средствата (авторитет, благосостојба, општествена моќ, општествено признание).

## Метод

Во истражувањето учествуваат вкупно 334 недипломирани студенти од различни Институти при Филозофскиот факултет од Скопје, Факултетот за ликовна уметност и Природно-математичкиот факултет, како и Педагошките факултети во Скопје и Штип. За да се добие увид во вредносниот систем на младите беше применет анкетен лист со 58 вредности, а од секој испитаник се бараше да ја процени важноста на секоја вредност како водечки принцип во неговиот живот, применувајќи деветстепена скала на процена (од 1 - не е значајна, до 7 - исклучително значајна).

Податоците на кои се базира анализата на резултатите согласно со поставената хипотеза се квантитативно обработени со примена на адекватни статистички постапки во однос на испитуваните варијабли кои овозможуваат да се добие увид во структурата, интензитетот и значењето на вредностите за испитаниците од различен пол, место на живеење, религиска припадност и степен на религиозност.

## Резултати

Податоците во табела 1 јасно покажуваат дека според интензитетот на застапеност на вредносните преференции (енергетски аспект), водечки принципи во животот на младите се: конформиз-

мот CON (4,547), постигнувањето ACH (4.251), насоченоста кон себе SD (4.219), универзализмот UNI (4.158), добронамерноста BEN (4.141) и сигурноста SEC (4.015). На најниското место според рангот се: стимулацијата STI (2.868), моќта PO (2.912) и традицијата TRA (2.999).

Табела 1. Основни параметри за структурата на вредносниот систем на младите

| N=334 | SEC | CON | TRA | BEN | UNI | SD | STI | HED | ACH | PO |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| M | 4.015 | 4.547 | 2.999 | 4.141 | 4.158 | 4.219 | 2.868 | 3.814 | 4.251 | 2.912 |
| Sd | 0.574 | 0.525 | 0.715 | 0.622 | 0.509 | 0.648 | 1.091 | 1.134 | 0.601 | 0.932 |

Можеме да констатираме дека младите иако живеат во време на промени најчесто се воздржуваат од акции, не отстапуваат од социјалните очекувања или норми, а во своето однесување најчесто изразуваат исполнителност, самодисциплинираност, љубезност, почит кон родителите и повозрасните.

Дали во организирањето на системот на вредности кај младите постојат разлики кај субјектите од различен пол? Учеството на полот, како биолошка варијабла, врз структурата на вредносниот систем може посредно да се испита преку увид во вредносните хиерархии на машките и женските.

Статистичката обработка (Табела 2) покажува дека системот на вредности кај машките и женските во голема мера се совпаѓа. Единствена статистички значајна разлика помеѓу половите, а во полза на машкиот пол, е утврдена во однос на сигурноста SEC (t=4.132*).

Табела 2. Основни параметри и значајност на разлики меѓу аритметичките средини во однос на полот на испитаниците

| | | SEC | CON | TRA | BEN | UNI | SD | STI | HED | ACH | PO |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| N=107 | M | **4.132** | 4.506 | 3.049 | 4.099 | 4.167 | 4.238 | 2.872 | 3.983 | 4.210 | 3.046 |
| машки | Sd | 0.545 | 0.554 | 0.785 | 0.656 | 0.557 | 0.658 | 1.052 | 1.122 | 0.623 | 1.055 |
| N=227 | M | 3.960 | 4.566 | 2.975 | 4.160 | 4.154 | 4.210 | 2.867 | 3.734 | 4.270 | 2.848 |
| женски | Sd | 0.578 | 0.510 | 0.679 | 0.607 | 0.487 | 0.643 | 1.108 | 1.132 | 0.588 | 0.877 |
| | t | 2.564 * | 0.938 | 0.829 | 0.800 | 0.198 | 0.370 | 0.046 | 1.876 | 0.819 | 1.704 |

df=332 P.05<1.96(*) P.01<2.58 (**)

Во вредносниот систем на машките доминантен вредносен тип е конформизмот, потоа, насоченоста кон себе, постигнувањето, универзализмот, сигурноста и добронамерноста, потоа, моќта, традицијата и хедонизмот. Женските исто така највисоко го поставуваат конформизмот, а најниско потребата за возбудлив, разновиден живот и потребата на за моќ.

Каква е улогата на примарната социјализација врз системот на вредности на младите?

Како што се забележува од резултатите (Табела 3), постојат значајни разлики во вредносниот систем на младите чија примарна социјализација се остварувала во голем град и младите од село. Субјектите од голем град во споредба со оние кои примарно се социјализирале во село повисоко ги вреднуваат: насоченоста кон себе SD (M=4.510**) и стимулацијата STI (M=3.125**), а како водечки принцип во своето однесување ја избираат насочноста кон себе (SD). Младите, пак, кои своето детство го поминале во село и примарно се социјализирале во него, повисоко ги вреднуваат: сигурноста SEC (M=4.199**), конформизмот CON (M=4.681), традицијата TRA (M=3.164*), хедонизмот HED (M=4.254**) и моќта PO (M=2.936**), а нивни водечки принцип во живот е конформизам (CON).

Табела 3. Основни параметри и значајност на разлики во вредносниот систем на младите од голем град и село

| | | SEC | CON | TRA | BEN | UNI | SD | STI | HED | ACH | PO |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| N=94 | M | 3.842 | 4.370 | 2.897 | 4.199 | 4.274 | **4.510** | **3.125** | 3.652 | 4.245 | 2.577 |
| гол.гр. | Sd | 0.643 | 0.571 | 0.821 | 0.681 | 0.530 | 0.716 | 1.139 | 1.048 | 0.562 | 1.054 |
| N=51 | M | **4.199** | **4.681** | **3.164** | 4.282 | 4.176 | 3.960 | 2.490 | **4.264** | 4.063 | **2.936** |
| село | Sd | 0.565 | 0.530 | 0.602 | 0.592 | 0.552 | 0.525 | 0.981 | 1.019 | 0.554 | 0.693 |
| | t | 3.570 ** | 3.380 ** | 2.244 * | 0.761 | 1.032 | 5.288 ** | 3.508 ** | 3.419 ** | 1.196 | 4.390 ** |

df=143 P.05<1.96 (*) P.01<2.58 (**)

Табела 4. Основни параметри и значајност на разлики во вредносниот систем на младите од мал град и село

| | | SEC | CON | TRA | BEN | UNI | SD | STI | HED | ACH | PO |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| N=189 | M | 4.051 | 4.599 | 3.004 | 4.073 | 4.095 | 4.144 | 2.843 | 3.773 | 4.304 | 4.304 |
| мал.гр. | Sd | 0.528 | 0.485 | 0.692 | 0.595 | 0.481 | 0.618 | 1.062 | 1.192 | 0.623 | 0.893 |
| N=51 | M | 4.199 | 4.681 | 3.164 | 4.282 | 4.176 | 3.960 | 2.490 | 4.264 | 4.063 | 2.936 |
| село | Sd | 0.565 | 0.530 | 0.602 | 0.592 | 0.552 | 0.525 | 0.981 | 1.019 | 0.554 | 0.693 |
| | t | 0.278 | 1.000 | 0.542 | 2.223 * | 0.952 | 2.140 * | 2.234 * | 1.070 | 1.497 | 2.114 * |

df=233 P.05<1.96 (*) P.01<2.58 (**)

Ако се споредат пак вредносните хиерархии на испитаниците примарно социјализирани во мал град наспроти оние од село (Табела 4), ќе се забележи дека младите кои живееле во мал град во однос на оние кои живееле во село повеќе ги преферираат: насоченоста кон себе SD (M=4.144*), стимулацијата STI (M=2.843*) и моќта PO (M=4.304**), а водечки принцип во нивниот живот е конформизмот (CON). Младите кои до петнаесетата година живееле во село, во однос

на оние од мал град, повисоко ја преферираат единствено добронамерноста BEN (M=4.282*), а за водечки принцип во животот го избираат исто така конформизмот (CON).

Табела 5. Основни параметри и значајност на разлики во вредносниот систем на младите од мал град и голем град

| | | SEC | CON | TRA | BEN | UNI | SD | STI | HED | ACH | PO |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| N=189 | M | **4.051** | **4.599** | 3.004 | 4.073 | 4.095 | 4.144 | 2.843 | 3.773 | 4.304 | **4.304** |
| мал гр. | Sd | 0.528 | 0.485 | 0.692 | 0.595 | 0.481 | 0.618 | 1.062 | 1.192 | 0.623 | 0.893 |
| N=94 | M | 3.842 | 4.370 | 2.897 | 4.199 | **4.274** | **4.510** | **3.125** | 3.652 | 4.245 | 2.577 |
| гол.гр. | Sd | 0.643 | 0.571 | 0.821 | 0.681 | 0.530 | 0.716 | 1.139 | 1.048 | 0.562 | 1.054 |
| | t | 2.944 ** | 3.635 ** | 1.126 | 1.500 | 2.841 ** | 4.357 ** | 2.000 * | 0.858 | 0.831 | 13.706 ** |

df=281 P.05<1.96 (*) P.01<2.58 (**)

Младите кои живееле во градска средина (Табела 5), се разликуваат во водечките принципи во животот во зависност од тоа дали примарната социјализација ја оствариле во мал или голем град. Така, се забележува дека оние од голем град во споредба од оние од мал град повисоко ги преферираат вредностите: универзализам UNI (M=4.274**), насоченост кон себе SD (M=4.510**) и стимулација STI (M=3.125*), а за водечки принцип во животот ја избираат насоченоста кон себе (SD). Во споредба со нив кај младите од мал град повеќе преференции се забележуваат во однос на сигурноста SEC (M=4.051**), конформизмот CON (M=4.599**) и моќта PO (M=4.304**), а нивни водечки принцип во животот е конформизмот (CON).

Според **религиозноста припадност** испитаниците во спроведеното истражување се дистрибуирани во пет групи: 225 се од православна религија, 89 од исламска, 1 од католичка, 3 од некоја друга и 14 не се религиозно определени. Но, квантитативната и квалитативната анализа на податоците во однос на оваа варијабла ги опфати двете најбројни групи: групата со православна и групата со исламска вероисповест.

Во однос на оваа варијабла, добиени се осум статистички значајни разлики во вредносните типови опфатени со ова истражување (Табела 6). Така, младите од **православната религија** во споредба со младите од исламска религија повисоко ги вреднуваат: насоченоста кон себе SD (M=4.328**), стимулацијата STI (M=3.101**) и постигнувањето ACH (M=4.305*), а како водечки принцип во животот го имаат конформизмот (CON). Додека, младите од **исламска религија** се повеќе раководени во своето однесување од: сигурноста SEC (M=4.250**), конформизмот CON (M=4.812**), традицијата TRA (M=3.290**), добронамерноста BEN (M=4.326**) и хедонизмот HED (M=4.351**). И за нив водечки принцип во животот е конформизмот (CON).

Табела 6. Значајност на разлики во вредносниот систем на младите со различна религиска припадност

| | | SEC | CON | TRA | BEN | UNI | SD | STI | HED | ACH | PO |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| N=227 | M | 3.970 | 4.469 | 2.933 | 4.047 | 4.089 | **4.328** | **3.101** | 3.634 | **4.305** | 2.929 |
| правос | Sd | 0.579 | 0.523 | 0.674 | 0.623 | 0.505 | 0.607 | 1.065 | 1.148 | 0.598 | 0.920 |
| N=89 | M | **4.250** | **4.812** | **3.290** | **4.326** | 4.266 | 3.731 | 2.205 | **4.351** | 4.121 | 3.028 |
| ислам | Sd | 0.534 | 0.438 | 0.721 | 0.572 | 04.77 | 0.531 | 0.976 | 0.941 | 0.602 | 0.878 |
| | t | 4.000 ** | 5.914 ** | 4.057 ** | 3.822 ** | 0.779 | 8.652 ** | 7.168 ** | 5.690 ** | 2.453 * | 0.892 |

df=314 P.05<1.96 (*) P.01<2.58 (**)

Табела 7. Разлики во вредносниот систем на испитаниците со различен степен на религиозност

| | | SEC | CON | TRA | BEN | UNI | SD | STI | HED | ACH | PO |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| N=20 | M | 3.552 | 4.087 | 2.262 | 4.362 | **4.505** | **5.152** | **3.652** | 3.388 | 4.250 | 2.188 |
| ниво 0 | Sd | 0.503 | 0.622 | 0.887 | 0.728 | 0.478 | 0.812 | 1.224 | 1.145 | 0.504 | 0.879 |
| N=23 | M | 3.850 | **4.724** | **3.598** | 4.293 | 4.081 | 3.954 | 2.702 | 3.528 | 4.310 | **2.898** |
| ниво 7 | Sd | 0.597 | 0.589 | 0.655 | 0.598 | 0.640 | 0.626 | 0.908 | 1.418 | 0.662 | 0.812 |
| | t | 1.753 | 3.443 ** | 5.661 ** | 0.333 | 2.423 * | 7.582 ** | 2.638 * | 0.353 | 0.329 | 2.752 ** |

df=41 P.05<2.02 (*) P.01<2.71 (**)

Во однос на **степенот на религиозност**, иако постојат осум субгрупи, компарирани се вредносните системи на двете групи млади со екстремни разлики во однос на испитуваната варијабла (оние кои не се определени за религија наспроти оние со највисоко ниво на религиозност). Увид во определувањето на испитаниците за степенот на религиозност е овозможен преку одговорите „воопшто не сум религиозен“ - 0, до „многу сум религиозен“ +7, кои како прашања се содржани во понудената анкетна листа.

Како што се забележува од Табела 7, испитаниците кои **не се религиозно определени** (ниво 0), во споредба со испитаниците со максимален степен на религиозност, повисоки резултати покажуваат во однос на универзализмот UNI (M=4.505*), насоченоста кон себе SD (M=5.152**) и стимулацијата STI (M=3.652*). Повисоко оценети вредносни типови од испитаниците со максимален степен на религиозност (ниво 7) се: конформизмот CON (M=4.724**), традицијата TRA (M=3.598**) и моќта PO (M=2.898**). Разлики се евидентирани и во вредностите кои претставуваат водечки принципи во нивниот живот. Така, водечки принцип за нерелигиозните е насоченоста кон себе (SD), а кој оние со максимален степен на религиозност-конформизмот (CON).

**Дискусија**

Резултатите добиени по тестирањето на значајноста на разликите во системот на вредности ја потврдуваат поставената претпоставка за постоење на значајни разлики во системот на вредности помеѓу младите во зависност од полот, местото на живеење во периодот на детството, религиозната припадност и степенот на религиозност.

Веројатно е дека зрелата личност има десетици илјади уверувања, стотина ставови, но само десетина вредности кои се организирани во систем според приоритетот што личноста ѝ го дава на секоја конкретна вредност. Структурата на вредносниот систем може да биде различно интерпретирана (Baytchinska, K.K., 1994). Некои автори (Rokeach) неа ја разгледуваат од енергетски аспект, односно како збир на вредности подредени според нивниот интензитет формирајќи вредносна хиерархија. Други, пак, како Шварц (Schwarz, H. S. & Bilsky, W. 1990) преферираат структурата на вредносниот систем да ја третираат од содржински или „семантички аспект" интересирајќи се за категориите кои одделни вредности ги формираат и за нивните меѓусебни односи земајќи ја во предвид мотивационата насоченост (конфликти и компатибилност). Кај трети, пак (Baytchinska, K.K., 1994), се сретнува обид за синтетизирање на овие два пристапа со апострофирање на неколку хиерарирски поставени нивоа во вредносниот систем. Во тој систем вредностите со приближно значење за индивидуата се наоѓаат на исто ниво и по правило се компатибилни. Вредносниот систем се состои од N-нивоа кои формираат јадро и периферија. Јадрото ги обединува најважните вредности со кои личноста се идентификува и затоа тоа е наречено „идеолошко селф". Ваквиот модел овозможува, не само да се утврдат водечките принципи во животот на личноста, туку и да се определи начинот на разрешување на конфликтите меѓу вредностите кои се особено актуелни во периодите на интензивни социјално-културни промени.

Промените, пак, се неизбежен дел од животот. И уште повеќе, тие се неопходен поттик за работите да започнат да се одвиваат, да се движат напред. Во спротивно, тешко би можеле да ги објасниме учењето и развојот, човековиот немир и креативноста, или искуствата кои тој настојува да ги вгради во сопствениот живот и благосостојба. Најкарактеристичните промени на биолошките, когнитивните и психосоцијалните процеси кај човекот настануваат во младоста.Како овие промени се рефлектираат на вредносниот систем на младите? Дали во тој поглед се присутни разлики помеѓу половите? Што се

случува со вредносниот систем на младите од различен пол? Во потрага по одговор на поставените прашања во литературата наидуваме на сознанија кои нагласуваат дека машките се со поизразен стремеж за разновиден и возбудлив живот, поизразено тежнение за лична афирмација, за доминација и моќ, а женските, пак, своето однесување го определуваат водени од потребата за семејна сигурност, хармонија и стабилност во општеството, грижа за здравјето, чувство на припаѓање. Самиот факт дека не постојат поголеми разлики во вредносните системи на младите од двата пола вклучени во реализираното истражувањето дава за право да констатираме дека низ процесот на социјализација тие користат еднакви модели за имитација, градат слични преференции, избираат слични однесувања.

„Идеолошкото селф" на личноста кај младите (и кај машките и кај женските) е претставено со конформизмот (CON), а маргинално се лоцирани стимулацијата (STI-кај машките) и моќта (PO-кај женските). Веројатно би било рационално да се очекува однесувањето на младите да биде стимулирано не од конформизмот туку од моќта и стимулацијата. Имено, вообичаено е да се очекува кај младата генерација да е присутна потреба за живот исполнет со предизвици, новости и промени, со желба за авантури, за превземање ризици, за манифестирање личен успех, амбициозност, способност, тенденција кон општествена моќ и општествено признание наместо воздржаност од акции.

Како развојот на личноста во рамки на определена социјална средина учествува во изборот на водечките принципи во животот? За помалите заедници (селските средини), со позатворени системи во однос на социјалната надворешност, карактеристична е еднообразност во сфаќањата, вредностите и однесувањата на нивните членови. Во поголемите, посложените и отворени заедници (градови), се јавуваат разлики во начинот на живеење меѓу одделни сегменти на населението, па и меѓу поединци кои имаат исти или многу слични основни социјално-демографски карактеристики. Овие разлики некогаш имаат општ карактер и се манифестираат во сите животни области и ситуации, некогаш се ограничени само на одделни области од животот или одделни ситуации во него.

Во современите услови на живот секоја индивидуа уште во детството се соочува со повеќеструка акултурација која од неа бара различни, а понекогаш и сосема спротивни начини на живот. Општествениот или групниот вредносно-нормативен систем пред сѐ укажува кон што треба да се стремиме и на кој начин тоа можеме да го постигнеме. Покрај овој вид акултурација, во која содржините со различно потекло се усвојуваат истовремено, чести се денеска случаите на сукцесив-

на акултурација. Имено, за возрасните лица кои се социјализирани во една култура, не може да се рече дека не се социјализирани, но. факт е дека им недостига акултурација на културата која сега ги опкружува. Нивното животно искуство стекнато во претходната култура не е неупотребливо во новата средина, но е недоволно и неадекватно. Како секундарната социјализација ќе влијае на основните структурални компоненти на личноста, ќе зависи покрај другото и од времетраењето на примарната социјализација. Па, неретко сме сведоци дека во ситуациите кои бараат брза, спонтана реакција, при донесување на важни одлуки, искуствата стекнати при примарната социјализација имаат поголема па дури и одлучувачка улога. Не е мал бројот на лицата кои засекогаш остануваат во маргинална позиција во однос на културата која ги опкружува и, евентуално, во постојано трагање за рамнотежа меѓу различни вредносни системи кои се борат за приоритет.

И во ова истражување потврдени се очекувањата дека условите на живот во периодот на детството претставуваат релевантна варијабла која условува разлики во изборот на водечките принципи во животот на младите. Водечки принцип кај младите од мал град и село претставува конформизмот (CON), додека водечки принцип на младите од големите градови е себенасоченоста (SD).

Разликите во вредносните системи на младите кои се разликуваат според религиската припадност произлегуваат од различните цели, особини на човекот и активности што ги прокламираат двете религиски учења. Основоположниците на двете големи универзални религии - христијанството и исламот, сугерирале одредени вредности и цели. Некои од нив се многу слични, како што е побожноста, респект кон традицијата, почитување на родителите и постарите, послушност, помагање, искреност, учтивост, милосрдие, праведност, умереност и скромност. Но, има вредности кои се специфични за една вероисповест и не се прокламирани во други религии. Во христијанството и православната вероисповест се вреднува компромисност во односите, помирливост, самодисциплина и самоодрекнување. Во исламот, пак, не се невообичаени апелите за војна и борба за својот бог, отфрлањето и казните за оние кои не веруваат во исламскиот бог, не постои самоодрекнување и се прифаќаат задоволствата во животот. Во оваа религија особено се инсистира на почитување и послушност пред авторитет на родителот и богот. Оттаму и претпоставката во ова истражување дека припадноста на одделна религиозна група ќе влијае на вредносната хиерархија на испитаниците, односно дека испитаниците од исламска вероисповест на врвот од вредносната хиерархија ќе ги постават вредностите кои ги прокламира исламот, и обратно, за припадниците на православната вероисповест. Но, и покрај ра-

зликите што се присутни во двете религии водечки принцип во животот на младите од двете религиозни групи е конформизмот.

Во спроведеното истражување очекувавме вредносната хиерархија, односно, приоритетот кој ќе се даде на одредени вредности да биде детерминиран од степенот на религиозност. Ако религијата проповеда побожност, респект кон традицијата, почитување на црковните авторитети, почитување на родителите и постарите, чесност, одговорност, великодушност, скромност, послушност, некои од овие вредности се очекува да бидат прифатени од религиозниот поединец како особено значајни двигатели на неговото однесување, избори, акции. Поединците кои се определуваат како нерелигиозни, индиректно ја прифаќаат науката и научните законитости и вредностите како: независност, широки погледи и разбирање, уживање во животот, возбудлив живот, слобода, богатство, приватност, општествено признание и многу други. Веројатно затоа, водечки принцип во нивниот живот претставува насоченоста кон себе (SD), наспроти младите со максимално изразена религиозност кон во своето однесување се раководат од конформизмот (CON).

Ова истражување треба да се сфати како обид да се согледа структурната и хиерархиската поставеност на системот на вредности кај младите кои се соочени со промените што во општествено-политичкиот и економскиот систем настанаа во Македонија во периодот на транзиција. Природата на истражувањето не овозможува донесување цврсти заклучоци, но затоа пак иницира нови истражувања во оваа насока и остава простор за дополнување на добиените податоци со примена на поширок инструментариум за мерење на вредносните ориентации.

ЛИТЕРАТУРА:

Baytchinska, K.K., (1994) Value conflicts and their resolution in the period of social political changes, Paper presented at the International Conference „Psychology and transition“, Kruševo, Macedonia

Baytchinska, K. K. (1994) Values, Stress... Values crisis. Sofia

Fulgosi, A. (1990) Psihologija ličnosti-teorije i istraživanja, Školska knjiga, Zagreb

Pantić, J. D. (1977) Vrednosne orijentacije, osobine ličnosti i klasna pripadnost, Doktorska disertacija, Univerzitet u Beogradu, odelenje za psihologiju, Beograd

Rejk, B. i Edkok, K. (1978) Vrednosti,stavovi i promena ponašanja, Nolit, Beograd

Rot, N. (1989) Osnovi socijalne psihologije, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd

Schwartz, S. H. & Bilsky, W. (1990). Toward a theory of the universal content and structure of values. Extension and Cross-cultural Replications. Journal of Personality and Social Psychology, 58, 878-891

Стаменкова-Трајкова, В. (1992) Интереси, вредности и вредносни ориентации на младите, Годишен Зборник на Филозофски факултет, 277-292

Violeta ARNAUDOVA

## TRANSITION REFLECTION UPON YOUNG PEOPLE SYSTEM OF VALUES

(Summary)

This work represents the results of psychological researching concerning transition influence upon young people values system. It appears to be a part of a great cross-cultural study regarding the values being conducted by professor Schwartz from the University of Jerusalem.

The project itself includes 58 values from 10 categories and each type is postulated to be present in all cultures. The 10 types are: security, hedonism, conformity, achievements, power, tradition, benevolence, universalism, self-direction and stimulation.

The research activity involves 334 not gratuated students who, using the nine-degree scale, estimated the importance of 58th values being the guiding principles in their lives.

The results indicated the presence of significant differences in the structure and hierarchy of the young people values depending on: sex, religious affiliation, religiosity degree and the place of living (a big city, a small town, a village).